Врз основа на член 385 и 387 од Законот за трговските друштва, и член 22 и 23 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. „Илинденска“ бр. 18-а – Тетово, со ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871, а согласно Одлуката за свикување на Собрание на акционери бр.0202-457/2 од ден 24.04.2026 година, управниот одбор на друштвото,УПАТУВА

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ДО СИТЕ АКЦИОНЕРИ НА ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО**
**ЗА УЧЕСТВО НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

СЕ ИЗВЕСТУВААТ акционерите на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово дека на ден 28.05.2026 година (четврток), со почеток во 10:00 часот, ќе се одржи годишно собрание на акционери на друштвото.

Собранието ќе се одржи во просториите на друштвото на ул.Илинденска бр.18-а – Тетово (стара стоковна куќа).

За Собранието се предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД:**

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието на акционери
2. Утврдување на кворум за работа на Собранието – верификација на списокот на пријавени и присутни акционери и нивни полномошници
3. Избор на претседавач, бројач на гласови и нотар како записничар

**II. Работен дел**

1. Усвојување на Записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 30.01.2026 година
2. Донесување на Одлука за усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај на друштвото за 2025 година
3. Донесување на Одлука за усвојување на извештајот за ревизија на годишната сметка за 2025 година
4. Донесување на Одлука за покривање на загубата искажана по годишната сметка за 2025 година
5. Донесување на Одлука за одобрување на извештајот за работење на Друштвото и органите на управување на друштвото
6. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на друштвото
7. Донесување на Одлука за намалување на бројот на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор
8. Донесување на Одлука за отповикување и избор на членови на Надзорниот одбор
9. Донесување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на друштвото
10. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2026 година
11. Разно

Право на учество на Собранието на акционери имаат сите акционери запишани во акционерската книга на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, лично или преку нивни застапници овластени со писмено полномошно. Согласно член 392 од Законот за трговски друштва, потребно е да се достави полномошното.

Пријава за учество на Собранието на акционери акционерот или неговиот застапник е должен да достави до Друштвото најдоцна пред почетокот на седницата на Собранието.

Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учеството на Собранието, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат и електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото.

Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање на полномошно во писмена форма.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка, како и по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја точка кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред.

Акционеритеможат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуките и прашања најдоцна во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик.

Собранието одлучува само за прашањата уредно ставени на дневен ред.

Акционерите може да направат увид во материјалите по прашањата од дневниот ред на Собранието почнувајќи од 29.05.2026 година, во времето од 10:00 до 15:00 часот, во канцелариите (управните простории) на друштвотокои се наоѓаат на ул.152 бр.1/А, населба Дреновец – Тетово, какои на интернет страницата на друштвото.

Официјалната интернет страница на Друштвото е www.interpromet.mk.

УПРАВЕН ОДБОР
НА ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО